Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.09-1440/1
05-06-2025 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членот 41 став 1, член 45 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 48 и член 49 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година донесе

## **О Д Л У К А**
## **за избор на судија на Апелациониот суд Скопје**

За судија на Апелациониот суд Скопје за кривична област е избрана **Оља Ристова,** судија на Основен кривичен суд Скопје .

Оваа одлука влегува во сила по правосилно завршување на постапката и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија"

## **О б р а з л о ж е н и е**

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно одлука бр.09-2471/1 од 12.12.2023 година, објави оглас за избор на 10 (десет) судии на Апелациониот суд Скопје, од кои 6 (шест) судии за граѓанска област и 4 (четири) судии за кривична област, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.270/23 од 19.12.2023 година.

Согласно на членот 48 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот избира судија во Апелационен суд од пријавените кандидати на огласот што ги исполнуваат условите и критериумите предвидени во Законот за судовите и овој закон на начин што пријавените кандидати ги рангира според потребната специјализација за пополнувањето на судиско место. Рангирањето на кандидатите го врши

комисија формирана од тројца членови на Советот со право на глас, избрани по пат на ждрепка.

Комисија за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд при Судскиот совет на Република Северна Македонија спроведе постапка на оценување на кандидатите врз основа на критериумите за рангирање утврдени со членот 48 став 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија на начин утврден со Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд и состави ранг листа на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за крична област.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година расправаше и одлучуваше согласно ранг листа на кандидати за кривична област на која кандидатот Оља Ристова е рангиран на 2-то место со 77,91 поени.

Секој член на Советот го образложи својот начин на гласање за кандидатот и кандидатот Оља Ристова го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас.

Согласно на член 45 од Законот за судовите, кандидатот ги исполнува општите услови за избор на судија.

Согласно на членот 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите, кандидатот Оља Ристова има судиски стаж од 14 години и 5 месеци како судија на Основен кривичен суд Скопје до моментот на пријавувањето, оценет со позитивна оцена од Судскиот совет, со што ги исполнува и посебните услови за избор на судија на Апелациониот суд Скопје.

Согласно горенаведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26.05.2025 година донесе одлука за избор со која за судија на Апелациониот суд Скопје за кривична област е избрана Оља Ристова, судија на Основен кривичен суд Скопје.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**м-р Александар Камбовски**